СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# БИЛТЕН НА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА 2024-2044

БРОЈ 1
Јули 2026

Добредојдовте во првото издание на информативниот билтен на НРС 2024-2044, кој содржи преглед на активностите, напредокот и резултатите од спроведувањето на Националната развојна стратегија 2024-2044.

Преку овој билтен, Генералниот секретаријат на Владата редовно ќе ги информира членовите на Работниот комитет, работните тела, институциите, партнерите и пошироката јавност за напредокот во спроведувањето на Националната развојна стратегија 2024-2044, клучните процеси и иницијативи кои придонесуваат кон долгорочниот развој на државата.

Во првото издание ги издвојуваме најважните активности во изминатиот период, со посебен фокус на Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Националната развојна стратегија 2024-2044 и демографските предизвици, како една од клучните теми за идниот развој на државата.

## ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ:

- **Годишен извештај за 2025 година**
- **Демографија во фокус**
- **НРС во акција-Активности на Работниот комитет и Националниот совет за развој**
- **Што следува?**

## Годишен извештај за 2025 година за спроведување на Националната развојна стратегија 2024-2044

Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Националната развојна стратегија 2024-2044 претставува прв системски преглед на спроведувањето на Националната развојна стратегија и важен чекор во воспоставувањето на сеопфатен систем за следење, известување и оценување на развојните цели и политики.

**Клучни согледувања:**

- Воспоставени се основите на системот за следење и известување
- Буџетските програми покажуваат висока усогласеност со приоритетите на НРС 2024-2044
- Најголем дел од инвестициите се насочени кон локален и регионален развој, владеење на правото и добро управување и економска конкурентност
- Потребни се дополнителни инвестиции во демографските предизвици и зелената транзиција
- Потврдена е поврзаноста меѓу националните политики, европските приоритети и Целите за одржлив развој (Агенда 2030)

**2025 година низ бројки:**

- Прв системски Годишен извештај за спроведување на НРС 2024-2044
- 3 национални развојни цели во фокус на спроведувањето
- 6 стратешки области и 2 хоризонтални приоритети опфатени со анализа и следење
- 17 цели за одржлив развој (ЦОР) интегрирани во политиките
- Поврзаност со европските интеграциски приоритети односно 35 преговарачки поглавја и 6 кластери
- 41 индикатор за следење на напредокот на стратешките области и 11 за националните развојни цели
- Целосно воспоставена основна рамка за следење и известување (прва фаза)

## Демографија во фокус

Демографската ревитализација е една од шесте стратешки области на Националната развојна стратегија 2024-2044 и претставува предуслов за долгорочен и одржлив развој. Во рамки на третата сесија на Работниот комитет, на 26 март 2026 година се одржа состанок посветен на демографските трендови и предизвици, на кој беа разгледани прашања поврзани со миграцијата, стареењето на населението, регионалниот развој, човечкиот капитал и квалитетот на живот.




**На Комитетот конструктивна дискусија се водеше во рамки на следниве теми:**

- Демографски движења и миграции
- Регионален развој и демографски баланс
- Пазар на труд и човечки капитал
- Социјална кохезија и квалитет на живот
- Политики за демографска ревитализација

Подетално

## Годишниот извештај за 2025 година пред членовите на ИППГ во Собранието

На 8 јуни 2026 година, во Собранието се одржа Третата седница на Интерпартиската парламентарна група за следење на напредокот на Националната развојна стратегија 2024-2044. На седницата беше презентиран првиот Годишен извештај за спроведување на Националната развојна стратегија за 2025 година. Беше констатирана важноста на меѓуинституционалната соработка и надзорната улога на Собранието во остварувањето на долгорочните развојни приоритети на државата. ИППГ е форум за континуирана комуникација и координација меѓу Собранието, Владата, институциите и другите засегнати чинители, со цел обезбедување транспарентност, отчетност и долгорочно стратешко планирање.



Подетално

## Петта седница на Националниот совет за развој










Петтата седница на Националниот совет за развој, како постојано советодавно тело на Владата во рамки на Националната развојна стратегија, се одржа на 19 јуни 2026 година. На седницата беа разгледани клучните активности поврзани со напредокот на НРС 2024-2044, со фокус на Годишниот извештај за 2025 година, предлог-мерките од Работниот комитет за Демографија-трендови и предизвици и следните чекори во претстојниот период.

Подетално

## Мапата за инвестирање пред меѓународната бизнис-заедница








НРС/ЦОР Мапата за инвестирање беше презентирана пред бизнис-заедницата на форумите во Будимпешта и Истанбул. Алатката ги обединува приоритетните сектори и клучните инвестициски можности во државата, овозможувајќи поефикасна промоција на инвестициските потенцијали и привлекување странски инвестиции.

Линк кон мапата

Подетално



## Инвестиција во практични вештини за подобра иднина на младите

Во рамки на Програмата за поддршка на спроведување на Националната развојна стратегија, Регионалниот центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“ во Охрид доби современа угостителска опрема за практична настава. Поддршката придонесува за развој на стручни компетенции и подготовка на кадар усогласен со потребите на локалната економија и туристичкиот сектор.

Подетално

## ШТО СЛЕДУВА?

- **Активности на управувачката структура на НРС 2024-2044**
- **Нова сесија состаноци на Работниот комитет со значајни теми**
- **Зајакнување на соработката со општините**

Сите објави за настаните и активностите поврзани со НРС 2024-2044 може да се следат на www.nrs.mk

## ВКЛУЧИ СЕ ВО ПРИКАЗНАТА ЗА ИДНИНАТА НА ДРЖАВАТА!

Националната развојна стратегија 2024-2044 се спроведува преку широк партнерски процес, по моделот на четирикратна спирала што ги обединува државната администрација, граѓанското општество, бизнис заедницата и јавните институции.

Работниот комитет е отворена платформа за сите. Со вашите идеи, стручни мислења, можеме заеднички да креираме решенија за долгорочниот развој на државата.

Доколку сакате да придонесете со своето знаење и искуство, пријавете се за учество во Работен комитет.

ПРИЈАВИ СЕ

СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

U N
D P

Програмата за поддршка на спроведувањето на Националната развојна стратегија е предводена од Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат, а имплементирана во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Контакт:

Генерален секретаријат на Владата-Одделение за следење на Националната развојна стратегија, бул. Илинден 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

info.nrs@gs.gov.mk